Уп. бр.08-112

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Арицома Груп Интернатионал АБ (Aricoma Group International AB), со седиште на ц/о Аспиа АБ, Сандра Маттссон Флодмарк, 6350,102 35 (c/o Aspia AB, Sandra Mattsson Flodmark, Box 6350, 102 35) Стокхолм, Шведска, преку адвокат Татјана Поповски Булоски од Скопје, на седницата одржана на ден 07.09.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Арицома Груп Интернатионал АБ (Aricoma Group International AB), со седиште на ц/о Аспиа АБ, Сандра Маттссон Флодмарк, 6350,102 35 (c/o Aspia AB, Sandra Mattsson Flodmark, Box 6350, 102 35) Стокхолм, Шведска, стекнува целосна контрола врз Мусала Софт АД (Musala Soft AD), со седиште на бул. Драган Цанков бр.36, Софија 1057, Република Бугарија, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 12.08.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Арицома Груп Интернатионал АБ (Aricoma Group International AB), со седиште на ц/о Аспиа АБ, Сандра Маттссон Флодмарк, 6350,102 35 (c/o Aspia AB, Sandra Mattsson Flodmark, Box 6350, 102 35) Стокхолм, Шведска, со која Арицома Груп Интернатионал АБ Стокхолм Шведска стекнува целосна контрола врз Мусала Софт АД (Musala Soft AD), со седиште на бул. Драган Цанков бр.36, Софија 1057, Република Бугарија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Арицома Груп Интернатионал АБ Стокхолм Шведска, е холдинг компанија која стекнува и управува со удели во оперативни компании. Ова друштво припаѓа на ККЦГ Групацијата.

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, нафта и гас, недвижности, индустрии и паметни технологии. Групацијата менаџира со повеќе од 30 компании во 18 држави во светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Сеавус ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место.

Мусала Софт АД Софија се занимава со давање услуги во областа на информатичките технологии, развој и трговија со софтвер, истражување и развој, давање онлајн услуги, како и секој друг бизнис што не е изречно забранет со закон. Мусала Софт АД е софтверска компанија која обезбедува сложени софтверски инженерски услуги, испорака на сложени/големи софтверски проекти и ИТ консалтинг.

Мусала Софт АД Софија има едно зависно друштво во Република Северна Македонија и тоа Друштвото за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје со приоритетна дејност компјутерско програмирање. Мусала Софт ДООЕЛ Скопје не остварува приходи во Република Северна Македонија, негов единствен клиент му е мајката Мусала Софт АД Софија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или

нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**